# Од основното во средно училиште: Следниот голем чекор

## Како да ја разбирате училишната работа на вашето дете







Во Year 7, вашето дете ќе започне да изучува предмети кои претходно не ги учел/а и други предмети кои можеби се разликуваат во пристапот и фокусот во однос на предметите што ги учел/а во основно училиште.

Од детето исто така ќе се очекува да биде понезависно и посамостојно отколку што било во основното училиште.

За да ги исполнат условите за добивање School Certificate (свидетелство кое се добива за успешно завршување на пропишаните предмети од 7ми до 10ти клас) на крај од Year 10, учениците мора да ги изучуваат следните предмети од Year 7:

- англиски јазик
- математика
- природни науки
- географија
- историја
- јазици
- технологија
- визуелни уметности
- музика
- личен развој, здравствено и физичко образование (PDHPE).

Учениците во Years 7-10 исто така можат да изберат да изучуваат изборни предмети. Примери на предметите кои најчесто се нудат во Years 9 and 10 се:

- изучување на Абориџините
- земјоделска технологија
- трговија
- танцување
- дизајн и технологија
- драма
- прехранбена технологија
- графичка технологија
- индустриска технологија
- информатичка и софтверска технологија
- технологија за рибници и аквакултура
- музика
- фотографски и дигитални медиуми
- изучување физички активности и спорт
- текстилна технологија
- визуелни уметности
- визуелен дизајн
- образование за работата
- избор од 17 јазици.

Кои предмети ќе ги нуди вашето државно средно училиште ќе зависи од бројот на ученици заинтересирани за одреден предмет и стручниот кадар со кој располага училиштето. Ако вашето дете е посебно талентирано или се интересира за одредена област, можеби ќе сакате да ја разгледате можноста да го запишете во едно од нашите специјализирани средни училишта.

NEW SOUTH WALES
DEPARTMENT
OF EDUCATION
AND TRAINING

## Други школски активности

Некои од другите активности кои ги нудат училиштата за да го потпомогнат друштвениот и личниот развој на секој ученик вклучуваат:

- поддршка на врсници и посредување меѓу врсници
- ментори на ученици
- програми за надарени и талентирани ученици
- програми за наградување и одавање признание
- настава за дрогата и здравјето
- настава за антирасизам
- настава за домашно насилство и заштита на децата
- програми за спречување криминал
- програми за одржување во добра здравствена и физичка состојба
- програми за премин на учениците од основното во средно образование (Year 6-7)
- курсеви за ученици за стекнување способности за раководење
- совети на ученички претставници
- кампување и одење на екскурзии во врска со наставата.

## Домашна работа

Вашето дете обично ќе добива домашна работа за секој школски ден и како што тој/таа ќе преминува во повисоките класови, домашната работа и барањата за учење ќе се зголемуваат. Со домашната работа се утврдува материјалот што се учи на час и таа помага учениците да стекнат способности, на пример, како да истражуваат и да го организираат времето. Таа исто така помага да се воспостави навика за учење, да се стекне концентрација и самодисциплина.

На вашето дете можете да му помогнете ако:

- активно се интересирате за неговата/нејзината домашна работа
- го поддржувате секојдневно да одвојува време за домашната работа
- му обезбедите место специјално наменето за пишување домашна работа и учење, во рамките на вашите можности
- им помагате на наставниците при надгледувањето на домашната работа со тоа што ќе се потпишувате кога детето ќе ја заврши, ако тоа се бара од вас и со тоа што ќе знаете колку домашна работа добива детето
- зборувате со наставниците ако сте загрижени за видот на домашната работа што ја добива или за начинот на кој вашето дете и пристапува на домашната работа
- го поттикнувате детето да чита и да се интересира за тековните збиднувања
- го известите училиштето за било какви домашни околности или воншколски активности кои можеби треба да се земат предвид кога се задава или оценува домашната работа.

Секое училиште разработува сопствен правилник за домашна работа во соработка со родителите и старателите. Примерок можете да земете во вашето училиште.

## Извештаи како детето напредува во учењето

Секоја година ќе добивате барем два писмени извештаи како вашето дете напредува во учењето - обично на крај на 2то и 4то тромесечје. И директорот и наставниците со големо задоволство ќе зборуваат со вас како вашето дете напредува со учењето.

Во многу училишта се одржуваат родителски состаноци (обично навечер) за да им се даде можност на родителите да зборуваат со секој од наставниците за тоа како нивното дете напредува во учењето. Повеќето средни училишта ги поттикнуваат родителите да доаѓаат на училиште или да телефонираат во секое време ако сакаат да зборуваат за работите што ги загрижуваат или за мислењата кои можеби ги имаат во врска со тоа како нивното дете напредува во учењето.

Ако е потребно, можете да побарате на родителските состаноци да присуствува преведувач и таму каде што е можно, училиштето ќе го организира тоа.

## Телефонска преведувачка служба

Ако ви треба преведувач за да ви помогне да му се јавите на директорот, ве молиме телефонирајте во Телефонската преведувачка служба на 131 450 и побарајте преведувач на вашиот јазик. Преведувачот ќе му се јави на директорот и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот. За оваа услуга не треба да платите.

© May 2006
NSW Department of Education and Training

GPO Box 33
Sydney NSW 2001
T 9561 8000
www.det.nsw.edu.au
NSW Public Schools - Leading the way
Државните училишта во NSW - Го покажуваат патот

NEW SOUTH WALES DEPARTMENT OF EDUCATION AND TRAINING

## Како да дознаете повеќе

За повеќе информации обратете се кај директорот на вашето училиште, телефонирајте во регионалната канцеларија или посетете ги Интернет страните www.schools.nsw.edu.au

За преведени информации, одете на www.det.nsw.edu.au/languagesupport

MACEDONIAN